МЕТОДИЈА СОКОЛОСКИ

# РАЗВОЈНИОТ ПАТ НА НЕКОИ ГРАДОВИ ВО МАКЕДОНИЈА ВО XV и XVI ВЕК

Досегашните истражувања, испитувања и проучувања на османско-турската архивска документација од XV и XVI век ни даваат можност да го проследиме развојниот пат на некои градови во Македонија во тој период. Податоците за овој труд се црпени од опширните и сумарните пописни дефтери од XV и XVI век наречени „Tahrir defterleri“, што се чуваат во архивот на Председателството на владата (Başvekâlet arşivi) на република Турција, во Истанбул како и во главната катастарска управа во Анкара. За градовите што се наоѓаат западно од реката Вардар или на самата река а тоа се: Скопје, Велес, Прилеп, Битола, Тетово, Кичево, Лерин и Костур ние располагаме со повеќе пописни дефтери како од XV така и од XVI век, додека за градот Охрид како и за градовите источно од реката Вардар: Штип, Струмица, Петрич и Мелник ние не располагаме со документација од XV век и затоа развојниот пат на оваа група градови ќе биде проследен само во текот на XVI век, почнувајќи од 1519—1583 година.

Сите овие градови биле центри или седишта на административно-територијални единици наречени нахии.[1]) Така, на пример, во текот на XV век Охридската нахија спаѓала во Охридскиот санџак,[2]) Штипската, Струмичката, Петричката, Мелничката и Дупничката нахија спаѓале во Ќустендилскиот санџак, а Скопската, Велешката, Прилепската, Тетовската, Кичевската, Битолската, Леринската и Костурската спаѓале во Паша-санџакот каде што било седиштето на румелискиот беглербег.[3])

---

[1] Нахија (Nahiye) — Назив за најмала административно-територијална единица. Во текот на XV век за оваа управна единица често се употребува и терминот „Vilayet”. Ние го употребуваме на некаде само терминот „Нахија”, макар што во пописните дефтери стои на пример „Vilayet-i Üsküp” (Скопски вилает) или „Vilayet-i Manastir” (Битолски вилает) итн.

[2] Санџак (Sancak) — назив за поголема административно-територијална единица. Во еден санџак секојпат има повеќе нахии.

[3] Беглербег (Beglerbegi) — управувач или раководител со најголема админи-

Во втората половина на XVI век е создаден како нов Скопскиот санџак во кој што биле приклучени Скопската, Тетовската, Кичевската и Прилепската нахија. Во нашето излагање тежиштето ќе биде фрлено на следниве прашања: 1. Следење на составот на градското население спрема верската припадност и тоа во прв ред на муслимани и христијани, а потоа ќе бидат дадени и податоци на пример за бројот на Евреите, Циганите и др. доколку такви се среќаваат во поедини градови. 2. Посебно место и простор ќе му се даде на прашањето за исламизацијата на христијанскиот елемент по градовите, поаѓајќи од самите пописи на градското население. при што ќе се има предвид презимето на регистрираните жители, кое за исламизираните стои и гласи „Bin Abdullah"[4]) или просто христијанското име на таткото. Следејќи го тој процес во текот на XV и XVI век ние ќе извлечеме и некои посебни, како и општи заклучоци во врска со исламизацијата. 3. Паралелно со следењето на составот на населението и особено со констатирањето на растежот на муслиманскиот елемент и неговото преовладување над христијанскиот, ние ќе бидеме во состојба да го согледаме и менувањето на физиономијата на нашите градови, кога истите добиваат типично ориентален вид со сите оние белези типични за ориенталните градови, било по однос на архитектурата, со подигање на разни верски, културни и други објекти типични за исламот или по распоредот на населението во самиот град. 4. Во најопшти црти ќе се задржиме и на обврските на градското население спрема непосредните феудални господари во чиишто феудални лена спаѓале и самите градови. Од тие обврски ќе може да се види со што се занимавало градското население и што се произведувало од земјоделските култури, пчеларството, сточарството и сл. Истовремено ќе може да се согледа и развојниот пат на занаетчиството па и трговијата. Од податоците во пописните дефтери може сосема јасно да се види дека кон средината на XV век на целата територија на Македонија бил во потполност воведен тимарско-спахискиот систем, зошто нема населено место во Македонија кое не е вклучено во некои од трите постојни феудални лена наречени: хасови,[5]) зеамети[6]) и тимари.[7])

---

стративно-територијална единица — наречена ,,ејалет". Познато е дека во текот на XV век цела Румелија претставувала еден единствен ,,ејалет". Синоним на беглербег е ,,mirimiran".

[4] Бин Абдулах (Bin Abdullah) — Презиме што се давало на новоисламизирани христијани во текот на XV и XVI век за да се избегне христијанското презиме на новоисламизираниот. Инаку, ,,Bin Abdullah" во превод значи ,,син на слугата божји".

[5] Хас (Hass) — Назив за феудално лено од највисока категорија со годишен приход од 100.000 до над еден милион акчи.

[6] Зеамет (Zeamet или Ziamet) — Назив за феудално лено во османската империја од средна категорија со годишен приход од 20—99.999 акчи.

[7] Тимар (Timar) — Назив за феудално лено од најниска категорија со годишен приход до максимум 19.999 акчи.

Проследувајќи го составот на населението по градовите западно од реката Вардар ние можевме да констатираме дека уште во средината на XV век во градовите Скопје и Битола преовладува муслиманскиот елемент над христијанскиот, што не е случај со сите останати градови. Ете зошто ние ќе почнеме најнапред со следење на развојот на овие два града.

## ГРАД СКОПЈЕ

### (Üsküp)

Градот Скопје потпаднал под турската власт негде при крајот на 1391 или во почетокот на 1392 година. Со создавањето на основните административно-територијални единици во прво време наречени вилаети а подоцна нахии, Скопје станува седиште на Скопската нахија во склопот на Паша санџакот. Во втората половина од XVI век градот Скопје станува седиште на новоформираниот санџак, наречен Скопски санџак.

Движењето на составот на населението во овој град, почнувајќи негде од средината на XV век па сè до средината на XVI век, што значи за временски период од околу 100 години, најарно ќе се види од следниот табеларен преглед, составен врз основа на податоците од пописните дефтери од XV и XVI век со кои располагаме. (Види табела на стр. 36).

Од податоците на најстариот опширен пописен дефтер од околу 1450 година ние гледаме дека уште во тоа време муслиманскиот елемент преовладува над христијанскиот, бидејќи вкупниот број на регистрираните муслимани изнесува 516, додека бројот на христијаните изнесува 339, од кои 312 старешини на домаќинства (hane) и 27 вдовици (bive), што значи дека бројот на запишаните муслимани е поголем за 177 од бројот на христијаните. Муслиманите се населени во 23 маала а христијаните во 8 одделни маала.[8])

Ако се има предвид дека отоманските Турци го зазеле градот Скопје негде при крајот на 1391 или во почетокот на 1392 година, тоа значи дека овој град за временски период од околу 50 години во многу нешта ја изменил својата поранешна физиономија, бидејќи муслиманскиот елемент е во мнозинство и е во потполност одделен од христијанскиот. Веќе во ова време се јавуваат и бројни верски, просветни, културни и други институции карактеристични

---

[8] Опширен пописен дефтер заведен во архивот на Истанбул под Maliye № 12 од околу 1450 година, стр. 106—113.

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД

за движењето на составот на населението на град Скопје од околу 1450—1545 година според податоците од пописните дефтери

| Реден број | Номер на дефтерот и година на пописот | Муслимани | | Христијани | | | Евреи | | Колонизирани христијани вон од Македонија | Вкупен бр. запиш. | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на домаќин-ства | Број на неженети | Број на домаќин-ства | Број на неженети | Број на вдовици | Број на домаќии-ства | Број на неженети | | Муслимани | Христијани | Евреи |
| 1. | № 12 од околу 1450 година | 516 | — | 312 | — | 27 | — | — | — | 516 | 339 | — |
| 2. | № 4 од 1468 година | 666 | — | 294 | — | 70 | — | — | — | 666 | 364 | — |
| 3. | № 73 од 1519 година | 623 | 94 | 268 | 2 | 32 | — | — | — | 717 | 302 | — |
| 4. | № 149 од 1528 година | 644 | 121 | 205 | 8 | 22 | 12 | 5 | — | 765 | 235 | 17 |
| 5. | № 232 од 1544 година | 1067 | 44 | 196 | 12 | 12 | 32 | 6 | 8 | 1111 | 236 | 38 |

за исламот, како што се: џамиите, медресите,[9]) имаретите,[10]) амамите,[11]) карвансараите,[12] безистените, [3]) месџидите [4]) и други објекти.

Во историјата добро се познати освојувачките планови и цели на Отоманската империја и тоа не само на Балканот туку и понатака, спрема средна Европа. Имајќи го предвид фактот дека градот Скопје претставувал и извонредно важен сообраќаен, економски, трговски и стратешки центар, поради тоа отоманските власти, по освојувањето на овој град, настојувале да ги создадат сите услови за реализирање на нивните понатамошни освојувачки цели. Нема сомнение дека отоманските власти од тие причини непосредно, по освојувањето на овој град отпочнале со колонизацијата на османските Турци во самиот град, и тоа во прв ред на разни занаетчии, коишто во добар дел биле ангажирани со производство за потребите на војската, како и на друг помошен персонал за предвоени или воени операции, како што се на пример ешкинџиите,[15]) јамаците,[16]) акинџиите[17]) и др. Фактот дека 40% од вкупниот број на запишаните муслимани во градот Скопје веќе околу 1450 година извршуваат некои занаети или служби, најарен е доказ за таа колонизација на отомански Турци од внатрешноста на Империјата. Во средината на XVI век, т.е. по 100 години, околу 80% од вкупниот број на запишаните муслимани врши некој занает или некоја друга служба. Меѓутоа, по наше мислење, во ова време не може да се говори за некаква посебна колонизација на нови отомански Турци, туку тоа се сега наследници или потомци на поранешните. а во добар дел тоа се веќе исламизирани христијани, што ќе се види најарно од самите податоци во пописниот дефтер од тој период, кога се јавуваат како занаетчии и бројни исламизирани христијани. Што се однесува до занаетчиите христијани во XV век, како во овој град така и во останалите градови во Македонија нивниот број во споредба со муслиманите е незначителен, зошто во 1450 година ги има сè на сè 37, што значи дека

---

[9] Медреса (Medresse) — Назив за средна верска школа, која подготвува кадар за разни верски и други установи.

[10] Имарет — Назив за кујна во која се спремала храна и се делела бесплатно на оние лица што биле назначени на служба или работа од основачот на имаретот. Исто така во оваа кујна добивале храна и најбедните жители во градот.

[11] Амам (Hammam) — Топла бања.

[12] Кервансарај (Karvansaray) — Специјални згради било во градот или на патиштата, каде што отседнувале било трговци или патници и во кои се вршела трговија, т. е. купопродажба или размена на стока.

[13] Безистен (Bezazhane) — Назив за покриена чаршија, изградена од тврд материјал. Оваа чаршија била добро обезбедена бидејќи во неа се тргувало со најскапоцени работи.

[14] Мезџид (Mescid) — Назив за мала џамија без минаре.

[15] Ешкинџија (Eskinci) — Назив за спахија од понизок ранг или за вооружен коњаник; кој бил должен да учествува во воените походи.

[16] Јамак (Yamak) — помошник; најчесто ешкинџиите и главните војнуци имале свои помошници наречени „јамаци".

занаетчиството во тоа време било во извесна смисла привилегија на муслиманскиот елемент. Во текот на XVI век можевме да констатираме дека биле застапени преку 50 разни видови на занаети, меѓу кои помногубројни се: табаџите,[18]) чевларите, шивачите, абаџиите,[19]) златарите, налбатите, железарите, сарачите,[20]) самарџиите, бојаџиите, сабјарите, грнчарите, касапите, свеќарите, бозаџиите, алваџиите, берберите, фурнаџиите, дограмаџиите, градежните работници, каменорезците, кожуварите, ковачите, чизмеџиите, шапкарите и др. Околу 1528 година во градот Скопје имало 831 дуќан, што во однос на вкупниот број на запишаните жители значи дека околу 80% од населението притежавало некој дуќан, било како трговци, занаетчии или како продавачи. Треба, меѓутоа, да се има предвид дека дуќаните во добар дел биле сопственост на поедини вакафи.[21])

Од табеларниот преглед ние гледаме дека муслиманскиот елемент во градот Скопје, почнувајќи од средината на XV век па сè до 1545 година, е во постојанен растеж така што од 516 во 1450 година бројот на муслиманите се зголемува на 1111 во 1545 година.

Што се однесува до христијаните ние гледаме извесен пораст од 1450—1468 година[22]) и тоа само за 25, додека по тоа бројот на запишаните христијани е во постојано опаѓање така што во 1545 година[23]) се сведува на 236 што во споредба со 1450 година значи смалување за 103. Во 1528 година ги сретнуваме во Скопје и првите Евреи чијшто број изнесува 17, од кои 12 домаќинства и 5 неженети. Во 1545 година бројот на Евреите се зголемува на вкупно 38, од кои 32 домаќинства и 6 неженети. Покрај Евреите во градот Скопје, во ова време среќаваме и 8 домаќинства на колонизирани христијани надвор од Македонија, наречени Френги (Европјани). Спрема тоа, во 1545 година во градот Скопје се регистрирани вкупно 1385, од ко 1303 домаќинства, 20 вдовици и 62 неженети. Ако претпоставиме дека едно домаќинство броело 5 члена и ако вдовиците ги сметаме исто така за домаќинства, во тој случај вкупниот број на жителите во градот Скопје во 1545 година би изнесувал 6677, од кои 5379 муслимани, 1092 христијани, 166 Евреи и 40 колонизирани христијани. Со други зборови муслиманскиот елемент скоро за 5 пати е поголем од христијанскиот. Анализирајќи ги и споредувајќи ги податоците за развојот на муслиман-

---

17 Акинџија (Akinci) — Припадник на коњички одреди составени од муслимани, со задача да вршат напади во поедини територии, за да го подготват теренот за натамошни освојувања на османската војска.

18 Табак (Tabak) — кожар, штавосувач на кожи.

19 Абаџија (Abaci) — Лице кое изработува или продава облека од грубо волнено платно.

20 Сарач (Sarac) — Изработувач на коњска опрема од кожа.

21 Tapu или Tahrir Defteri № 149 — од 1528 год. (Во продолжение Tapu defteri ќе го предаваме скратено со T. D.).

22 T. D. № 4, од фотокопија бр. 321—333.

23 T. D. № 232 — од фотокопија бр. 2—14.

скиот и христијанскиот елемент во градот Скопје за периодот од 100 години, ние установивме дека муслиманското население се удвоило, додека христијанското за тој ист период се намалило скоро за една третина, што е како појава, секако, сосема ненормална и на прв поглед несфатлива. Бидејќи таа иста појава ја констатиравме и кај многу други градови во Македонија во текот на следењето на развојниот пат на населението, тоа нешто нè натера на размислување и барање причините на таа и таква масовна појава. Ние тогаш му посветивме посебно внимание на процесот на исламизацијата и податоците за бројот на исламизираните ни овозможија да согледаме и востановиме дека исламизацијата е една од основните причини за смалување или стагнирање на бројот на христијаните по градовите, почнувајќи од околу 1481 година па сè до крајот на XVI век. Треба веднаш да нагласиме дека процесот на исламизацијата во Македонија е особено интензивен по 1520 година, односно, почнувајќи од владеењето на султан Сулејман Величенствени (1520—1566), па наваму. Инаку, сè до 1468 година исламизацијата е многу ретка, како по градовите така и по селата. Изворните податоци укажуваат на тоа дека први на ударот на исламизацијата биле спахиите-тимариоти од редот на христијаните, чијшто број негде до 1460 година во некои нахии бил доста голем, како што е случајот со Прилепската, Скопската и Костурската. Меѓутоа, негде кон 1468 година бројот на спахиите-христијани се сведува најмногу на 2—3. Навистина, може да се претпостави и тоа дека османските власти намерно ги ликвидирале спахиите од редот на христијаните, но сепак е поверојатно дека тие морале да преминат во ислам доколку сакале да ги задржат своите феудални лена, зашто во текот на XVI век ние среќаваме на доста места каде што за притежателите на тимарите стои дека е „нов муслиман".

А сега да видиме како стојат работите во врска со исламизацијата во самиот град Скопје. Во пописниот дефтер № 12 од околу 1450 година не сретнавме ниеден исламизиран христијанин во овој град. Тоа нешто доаѓа оттаму што при вршењето на пописот во дефтерот се внесувани само имињата на муслиманите без презимињата. Меѓутоа, во пописниот дефтер од 1468 година каде што се дадени и презимињата, ние можевме да констатираме само за тројца муслимани дека се исламизирани христијани. Вкупниот број на регистрираните муслимани во градот Скопје по ова време изнесува 666. Во целата скопска нахија, т.е. во сите села што биле вклучени во оваа нахија, ние установивме дека исто така само тројца од муслиманите се исламизирани христијани. Во опширниот пописен дефтер № 149 од 1528 година од вкупно 765 регистрирани муслимани 182 се исламизирани, што значи дека скоро секој четврт муслиман жител на град Скопје во ова време бил исламизиран христијанин. Ако погледаме на табеларниот преглед ние ќе видиме дека бројот на христијанските домаќинства (без неженетите) од

364 во 1468 година се смалил на 216 во 1545 година или за 148 помалку, место за тој интервал од 77 години бројот на христијаните да се зголеми барем за една третина од бројот во 1468 година. Најпосле, во пописниот дефтер № 232 од 1545 година ние констатиравме дека во градот Скопје биле исламизирани 357 души, што во однос на вкупниот број 1111 регистрирани муслимани значи дека секој трет од нив е исламизиран христијанин. Овие податоци без сомнение ја потврдуваат нашата претпоставка дека смалувањето на христијанското население како во градот Скопје така и во останатите градови, за кои ќе стане збор во продолжение, е последица од процесот на исламизацијата.

Во градот Скопје 1545 година се сретнуваат покрај бројните занаетчии уште и голем број службеници по разни верски и просветни установи, потоа во вакафите,[24]) имаретите и другите установи. Во ова време во градот Скопје се регистрирани 80 имами,[25]) 59 муезини[26]), 65 мухасили[27]), 28 лица што притежавале берати[28]), за служби на мутевелии[29]), мудериси[30]), Хатиби[31]), наиби[32]), шејхови[33]), цабии[34]) и други, потоа 15 мустахфизи[35]), 170 акинции[36]), 16 целепи[37]) и т. н.

Во пописниот дефтер од 1468 година се среќаваме со вакафите на познатиот командант на Скопското краиште покојниот Исхак-бег, син на Паша Јигит-бег, којшто притежавал големи поседи во Скопската нахија, како и во нахиите северозападно од Скопје со коишто господарел сè до 1439 година. За време на својот живот тој увакуфил при џамијата што ја подигнал во Скопје, позната како Исхак-бегова или Алаџа Џамија, мулковни[38]) села во близината на Скопје како што се селата: Бањане, Мирковци и Покрвени, што му биле доделени од султанот Мурат-хан како мулкови, а по-

[24] Вакаф (Vakif) — Завештан имот за добротворни цели.

[25] Имам (Imam) — Духовно лице кај муслиманите кое раководи со обврзаните молитви во џамијата.

[26] Муезин (Müezin) — Духовно лице на служба во џамија, што ги повикува верниците на молитва.

[27] Мухасил (Muhassil) — Службено лице задолжено со собирање на разни даноци такси и сл.

[28] Берат (Berat) — Декрет на султанот или беглербегот за разни назначувања или за доделување на феудално лено.

[29] Мутевелија (Mütevelli) — Управник или раководител на вакаф. За таа служба ова лице добивало берат.

[30] Мудерис (Müderris) — Наставник во медреса, професор.

[31] Хатиб (Hatib) — Службено лице во џамија, што држи проповеди пред верниците во петок и по време на празникот бајрам.

[32] Наиб (Naib) — Заменик или помошник на кадијата.

[33] Шејх (Seyh) — Верски поглавар или старешина (на пример, старешина на дервишите).

[34] Џабија (Cabi) — Лице задолжено за собирање на приходите на вакафот или лице што е задолжено да го прибира џизието и другите пристојби од вакафот.

[35] Мустахфиз (Mustahfiz) — Чувар на крепост или на служба во крепост.

[36] Види објаснување под број 17.

[37] Џелеп (Celep) — Трговец со добикот.

[38] Мулковни (од mülk) — сопственост; сопствен имот.

доцна тоа право на мулк е потврдено и од султанот Мехмед-хан, како и од султанот Бајазит. Покрај горе приведените села во неговите вакафи се вклучени 48 дуќани и безистенот (безасхане)[39]) во Скопје, 100 други дуќани надвор од безистенот, еден караван-сарај, бањи (хамами) и друго, со годишен приход од сиот тој увакуфен имот во износ 78.531 акче.[40]) Во 1481 година бројот на дуќаните во безистенот се зголемува од 48 на 52, а останатите други дуќани од 100 на 170. Меѓу вакафите во ова време се јавува и едно башхане[41]) така што во 1481 година вкупниот приход од вакафот при џамијата и имаретот на Исхак-бег изнесува 127.021 акче[42]). Приходите од вакафот биле трошени за издржување на наставниците и другите службеници и ученици во медресата, потоа за кујната во имаретот, како и за целиот персонал што бил запослен во самиот имарет, меѓу кои се среќаваат и занаетчии за одржување на зградите. Во 1481 година само во имаретот биле запослени околу 29 разни службеници чиишто приходи главно се движеле од 1—7 акчи на ден со исклучок на мудерисот, чијшто приход бил значително поголем од сите останати службеници.

Во XV век среќаваме и вакафи на Иса-бег, син на Исхак-бег, познат командант на скопското краиште од средината на XV век. Тој своите мулковни села Драчево, Кучевиште, Липовиште и Брвеница, потоа 1 каравансарај, 120 дуќани, една топла бања наречена Čifte Hamam,[43]) некои лозја како и еден канал на реката Вардар, што го подигнал со своите сопствени средства за наводнување на оризовите ниви, ги увакуфил при својата медреса и имарет во Скопје. Во 1468 година годишниот приход на Иса-бег од овој увакуфен имот изнесувал 60.732,[44]) а околу 1481 година 75.077 акчиња. Од пописниот дефтер од 1545 година дознаваме дека селото Кучевиште од страна на султанот Мурат-хан му било дадено на Исхак-бег како мулк со право на ползување приходот што се земал од населението на име харач,[45]) испенџе,[46]) порез на овци и др. По смртта на Исхак-бег селото Кучевиште е пренесено на неговиот син — Иса-бег, а овој потоа го увакуфил при својот имарет и медресата. Самото увакуфување било потврдено од султанот Бајазит-хан, а подоцна и од султанот Селим-хан. Во време на пописот на попишувачите им биле покажани документи за увакуфување

---

[39] Види објаснување под број 13.
[40] T. D. № 4 — фотокопија бр. 424.
[41] Башхане (Başhane) — Дуќан или продавница на глави. Синоним „serhane".
[42] T. D. № 16 од фотокопија бр. 70—75.
[43] Чифте амам (Çifte hamam) — Топла бања со одделни простории за капење на мажите и одделни за жените.
[44] T. D. № 4 — фотокопија бр. 425.
[45] Харач (Haraç) — Данок што се земал од немуслиманите, како замена за воена обврска; овој данок е познат и со називот „џизие" — данок по глава.
[46] Испенџе (Ispence) — Данок што го плаќале христијаните. Во текот на XV и XVI век овој данок изнесувал по 25 акчи за секој работоспособен човек или момче. Вдовиците доколку биле бедни плаќале само по 6 акчи годишно на име испенџе.

(vakfiye)[47]) и врз основа на тоа во новиот дефтер е внесена затечената состојба.[48])

За селото Драчево во Скопската нахија интересно е тоа што иако тоа село веќе било увакуфено, султанот Мехмед-хан го одзел од вакуфот и го доделил како тимар. Меѓутоа, подоцна султанот Бајазит-хан повторно го оснажува поранешното увакуфување и затоа во 1545 година е регистрирано како вакавско.

Во 1545 година се среќаваме и со вакафите на покојниот Мустафа-паша. Во свое време, Мустафа-паша 10 села што му биле дадени како мулк од страна на падишахот[49]) ги увакуфил при својот имарет и џамијата во Скопје. Меѓу тие села спаѓаат: Равне, Црешево, Булачани, Брезница, Крушевица (Armudluk), Храшко и др. Харачот што бил земан од населението на овие села му припаѓал на падишахот, додека останатите приходи од ушурот, таксите и сл., му припаѓале на вакафот. Така било регистрирано во претходниот пописен дефтер и истото е внесено и во дефтерот № 232 од 1545 година.[50])

Во XVI век се среќаваме уште со вакафите на жената на покојниот Мустафа паша, како и со вакафите на Јахја паша. Султанот Бајазит ги дал на жената на Мустафа паша како мулк овие села: Шишево, Глумово, Седларево, Кондево, Калуѓеровци и Црешнево. Подоцна, овие села таа ги увакуфила при текето и турбето[51]) што ги подигнала сама. Текето (zaviye) било подигнато на почетокот на мостот, а турбето во близината на самото теке. Во самиот дефтер № 232 (фотокопија број 80) има текст во којшто се говори за тоа дека населението на село Шишево притежавало султанска наредба со која било задолжено да го чува и одржува мостот. Заради вршење на оваа служба населението од тоа село било ослободено од сите дивански намети, потоа од давање сегбани,[52]) азапи,[53]) улаци,[54]) и јаничари,[55]) од учество во воени походи, од вршење служба на черахори,[56]) како и од обврски да бидат ангажирани околу градење на крепости (hisar). За населението од село Седларево во дефтерот стои дека харачот му го давало на падишахот, а сите останати приходи му припаѓале на вакафот и биле ползувани за потребите на вакафот.

---

47 Вакфија (Vakfiye) — Завештајно писмо или акт за увакуфување на имот.
48 Т. D. № 232 — фотокопија бр. 90—92.
49 Падишах (Padişah) — Владетел; султан.
50 Т. D. № 232 — фотокопија бр. 82—90.
51 Турбе (Turbe) — Надгробен споменик.
52 Сегбан (Segban) — Назив за род војска од редот на јаничарите; сејмен.
53 Азап (Azap) — Нередовен војник.
54 Улак (Ulak) — Курир.
55 Јаничар (Yeniçeri) — Војник од редот на онаа војска што се формирала од младичи христијани земани како данок во крв (Devşirme). Самиот израз „јеничари" значи нова војска.
56 Черахор (Çerahor) — Припадник на посебен одред на погранична војска. Во тие одреди најчесто се прибирале најразлични занаетчии со задача да вршат поправки во тврдини, на мостови и други воени објекти.

Што се однесува до вакафот на Јахја паша, во прашање е само едно село наречено Радушани. Во дефтерот стои дека порано ова село било поделено на 4 дела (веројатно се мисли на четворица притежатели на тимари), со вкупен приход од 14.124 акчи. Подоцна тоа исто село е дадено како мулк на Јахја паша со сите приходи од земјоделските и другите производи, вклучувајќи ги и разните такси, казни и порези што биле земани на име јава,[57]) качкун,[58]) бејт-ул-мал,[59]) мали гаиб,[60]) мали мевкуд[61]) и џурм-у џинает[62]); потоа данок за овци и др. Јахја паша тоа исто село подоцна го увакуфил при својата џамија и имарет во Скопје. Како и селото Шишево исто така и ова село притежавало наредба од султанот Бајазит врз основа на која населението било ослободено од давање на: улаци, черахори, сегбани, соколари, азапи, веслари, од учество во воени походи, од правење и одржување на крепости (хисари), давање деца за јаничари, како и од сите дивански намети. Сето ова било заведено во претходниот пописен дефтер, па истото е внесено и во пописот од 1545 година.

Околу 1450 година градот Скопје спаѓал во хасовите на скопскиот субаша[63]) Али-бег чокадар, 1468 година спаѓал во хасовите на Мехмед Челеби и Мустафа, а во XVI век во хасовите на падишахот. Годишните приходи на феудалните господари од населението на градот Скопје во 1450 година изнесуваат 174.982 акчи; во 1468 година 296.982 акчи; во 1519 314.474 акчи[64]); во 1528 година 372.258 и во 1545 година 474.797 акчи. Од горните показатели гледаме дека годишниот приход на феудалниот господар во средината на XVI век во споредба со приходот на XV век скоро тројно се наголемил. Грото на приходите во XV век доаѓа од: трошарина, нијабет,[65]) од едно бозахане[66] и од една свеќарница (mumhane) во вкупен износ од 210.000 акчи. На друго место доаѓаат приходите од ушурот (десеток) што бил земан од лозјата заедно со монополот за продажба на вино во износ од 40.000 акчи, а на трето место доаѓа приходот од житарици во вкупен износ од 34.000

---

[57] Јава (Yava) — Изгубен добиток; такса што ја плаќа сопственикот на изгубениот добиток.

[58] Качкун (Kaçkun) — Избеган роб; дезертер.

[59] Бејт-ул-мал (Beyt-ül-mal) — Приход од оставнината (оставштина на лица што го наследува државата; ризница.

[60] Мали Гаиб (Mal-i gaib) — Имот на отсатно лице.

[61] Мали Мефкуд (Mal-i mefkud) — Имот на исчезнато лице, кое се прогласува за мртво.

[62] Џурм-у џинает (Curm-u cinayet) — Парична казна што се плаќала след донесена пресуда од кадијата за некаков прекршок.

[63] Субаша (Subaşi) — Воено-административен командант во поголеми градови, подоцна на цели области; војвода. По време на војна субашиите биле офицери, а во мирно време вршеле воено-административна и полициска служба.

[64] T. D. № 73 — фот. бр. 5.

[65] Нијабет (Niyabet) — Назив за приходи од глоби, т. е. парични казни плаќани од населението след донесената пресуда од кадијата.

[66] Бозахане (Bozahane) — Продавница на боза; куќа во која се прави и продава боза.

акчи. и тоа од 750 товари пченица во износ од 18.000 акчи и од 800 товари јачмен во износ 16.000 акчи.

Во XVI век пак доминираат тие исти приходи, но среќаваме и нови како што е на пример царината за чоја што била довезувана од Солун во износ од 11.000 акчи годишно, како и од едно бозахане чијшто приход изнесувал 12.000 акчи годишно. Мошне е интересен приходот во износ од 3.567 акчи, што се добивал од сплавовите на градежен материјал по реката Вардар. Овој податок ни говори дека во тоа време реката Вардар била прилично богата со вода, Во дефтерот е внесен и приход од ловишта на риби (даљани) на реката Вардар во износ од 300 акчи годишно. Покрај горното, во истиот дефтер имаме податок за тоа дека во Скопје имало 1 015 дуќани коишто биле должни да даваат 12.180 акчи годишно за исплатување на ноќните чувари. Градот Скопје во 1545 година имал 54 муслимански маала. За маалото Топаана (Tophane) и малото Клетвеник во дефтерот е запишано дека биле населени со вакавската раја на покојниот Иса-бег. За маалото Топаана е посебно нагласено дека регистрираните жители биле од вакавската раја на село Кучевиште.

## ГРАД БИТОЛА

### (Manastir)[67])

Во сите османски извори и други документи овој град го носи називот Манастир. За временскиот период од 1468 година па сè до крајот на XVI век, градот Битола во повеќе случаи го менувал својот феудален господар. Така, на пример, околу 1468 година овој град со уште неколку околни села спаѓал во хасовите на дефтердарот,[68]) чиешто име не се наведува во пописниот дефтер, но може да се претпостави дека тоа бил, најверојатно, румелискиот дефтердар. Во 1519 година градот Битола спаѓал во хасовите на падишахот, а во 1545 година во хасовите на румелискиот беглербег Хусрев-паша, којшто во тоа време бил во ранг на везир.[69]) Овој град, како седиште на Битолската нахија, спаѓал во Пашасанџакот (Liva-i paşa). На територијата на Битолската нахија, во текот на XV век биле опфатени 150 населени места, додека кон крајот на XVI век ги има околу 160 села.

Уште во почетокот нагласивме дека во овој град муслиманскиот елемент преовладувал над христијанскиот во текот на XV век што ќе се види најарно од приложениот табеларен преглед за движењето на населението во овој град негде од околу 1468 година па сè до крајот на XVI век.

Од горниот табеларен преглед ние гледаме дека во најстариот опширен пописен дефтер од околу 1468 година бројот на реги-

---

[67] Манастир (Manastir) — Назив за град Битола.

[68] Дефтердар (Defterdar) — Највисок финансиски службеник било при султанскиот двор или во ејалетот.

[69] Везир (Vezir) — Назив за министер или обаластен управник.

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД

за движењето на составот на населението на град Битола, според пописните дефтери од 1468 година до крајот на XVI век

| Редни број | Номер на дефтерот и година на пописот | Муслимани | | Христијани | | | Цигаани | | Евреи | | | Вкупен број на запишани | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Број на домаќинства | Број на неоженети | Број на домаќинства | Број на неженети | Број на вдовици | Број на домаќинства | Број на неоженети | Број на домаќинства | Број на неоженети | Број на вдовици | Муслиани | Христијани | Цигани | Евреи |
| 1. | № 993 од 1468 година | 295 | — | 160 | 10 | 15 | — | — | — | — | — | 295 | 185 | — | — |
| 2. | № 16 од 1481 година | 398 | — | 222 | — | — | — | — | — | — | — | 398 | 222 | — | — |
| 3. | № 73 од 1519 година | 617 | 139 | 236 | 39 | 55 | — | — | — | — | — | 756 | 330 | — | — |
| 4. | № 149 од 1528 година | 627 | 170 | 171 | 8 | 27 | 19 | 5 | 43 | 6 | 5 | 797 | 206 | 24 | 54 |
| 5. | № 232 од 1545 година | 387 | 92 | 180 | 25 | 5 | 16 | 10 | 60 | 27 | — | 479 | 210 | 26 | 87 |
| 6. | № 722 — Од крајот на XVI или почетокот на XVII век | 614 | 71 | 133 | 56 | 9 | 52 | 17 | 282 | — | — | 685 | 198 | 69 | 282 |

стрираните муслимани, којшто изнесува 295 е поголем од вкупниот број на запишаните христијани кој изнесува 185.[70]) Во наредните пописни дефтери ние гледаме дека бројот на муслиманите постојано се зголемува така што во 1528 година заедно со муслиманите Цигани тој број изнесува 821.[71]) Во пописот што е извршен по тоа односно, во 1545 година забележуваме едно мошне осетно смалување на муслиманскиот елемент така што во ова време вкупниот број на муслиманите заедно со Циганите муслимани изнесува 506, што во однос на 1528 година претставува смалување за 315 муслимани.[72]) Меѓутоа кон крајот на XVI или во почетокот на XVII век ние забележуваме повторно зголемување на муслиманскиот елемент кога заедно со Циганите ја достигнува бројката од 756,[73]) што во споредба со 1545 година значи зголемување од 250 муслимани. Спрема тоа бројот на муслиманите од 1468—1528 година се зголемил скоро за три пати, т.е. од 295 се покачува на 821, додека кон крајот на XVI или во почетокот на XVII век вкупниот број на муслиманите заедно со Циганите муслимани во однос на 1468 година е зголемен за 461, или за нешто повеќе од два и пол пати.

А сега да го проследиме движењето на христијанското население во градот Битола за тој ист период од околу 130 години. Од табеларниот преглед гледаме дека во 1468 година вкупниот број на христијаните изнесува 185, од кои 160 домаќинства (hane), 10 неженети (müdžerred) и 15 вдовици (bive). Сè до 1519 година ние гледаме дека христијанскиот елемент е во пораст, кога ја достига цифрата од 330 регистрирани жители.[74]) Во наредните пописни дефтери од 1528, 1545 и од крајот на XVI век забележуваме едно перманентно смалување на бројот на христијанските домаќинства (не земајќи ги предвид неженетите) така што во 1528 година тој број изнесува 198, во 1545 година се намалува на 185, а кон крајот на XVI или во почетокот на XVII век се сведува на 142 домаќинства, што во споредба со бројот на домаќинствата од пред 130 години, т.е. во 1468 година, значи смалување за 33 домаќинства. Што е уште поупадливо кон крајот на XVI век бројот на христијанските домаќинства е дури помал од бројот на еврејските домаќинства, поправо, бројот на еврејските домаќинства е за два пати поголем од бројот на христијанските, бидејќи односот е 282 : 142.

Од самата табела гледаме дека вкупниот број на Евреите во 1528 година изнесува 54, додека кон крајот на XVI век тој број е 282, што значи едно зголемување за нешто повеќе од пет пати за временски период од околу 100 години.

---

[70] T. D. № 993 — Пописот на град Битола е даден од фотокопија бр. 1—10.
[71] T. D. № 149 — Пописот на град Битола од фотокопија бр. 208—219.
[72] T. D. № 232 — Пописот на град Битола од фотокопија бр. 219—224.
[73] T. D. № 722 — Пописот на град Битола од фотокопија бр. 6—25.
[74] T. D. № 73 — Пописот на град Битола од фотокопија бр. 74—87.

Што се однесува до Циганите, тие се јавуваат за прв пат во истиот опширен пописен дефтер кога и Евреите, т.е. во 1528 година. Тогаш се регистрирани 24 Цигани-муслимани, а на крајот на XVI век бројот се зголемува на 69, од кои 53 домаќинства и 16 неженети, што значи едно зголемување од три пати во споредба со 1528 година.

Спрема тоа, во 1468 година вкупниот број на запишаните муслимани и христијани во градот Битола (Manastir) изнесува 480, а кон крајот на XVI или почетокот на XVII век 1.235. Ако бројот на домаќинствата заедно со бројот на вдовиците го помножиме со 5 и кон збирот го додадеме бројот на неженетите, ќе видиме дека во 1468 година бројот на жителите изнесувал 2.360, од кои 1.475 муслимани и 885 христијани. Кон крајот на XVI или во почетокот на XVII век вкупниот број на населението во градот Битола би изнесувал 5.619, од кои 3.163 муслимани, 765 христијани, 281 Цигани муслимани и 1.410 Евреи. Она што беше речено во врска со смалувањето на христијанскиот елемент во градот Скопје, во потполност важи и за овој град, во смисла дека тоа смалување е во прв ред како последица од исламизацијата на христијанскиот елемент. Во текот на XV век бројот на исламизираните христијани во градот Битола се движи од 4—8 сè на сè. Меѓутоа, во XVI век тој почнува брзо да расте така што во 1528 година сретнуваме околу 75 исламизирани христијани. Во 1545 година тој број скоро се удвојува и изнесува 123, што во однос на вкупниот број на муслиманите во градот од тоа време значи дека секој четврти муслиман е исламизиран христијанин, а на крајот од XVI век бројот на исламизираните во соодност на 1545 година исто така двојно се зголемува и изнесува 248, а во соодност на вкупниот број на муслиманите во градот тоа значи дека секој трет муслиман е исламизиран христијанин. Спрема тоа, и во овој случај податоците ни потврдуваат дека смалувањето на христијанското население е последица од мошне интензивната исламизација, зошто помеѓу исламизираните се среќаваат и 21 лице од неженетите, што не беше случај порано.

Пописот на населението во овој град, како и во останатите е вршен по маала (mahale). Така на пример во 1468 година сите муслимани се населени во 6 маала, додека христијаните само во едно маало, наречено Дабижив. Подоцна бројот на маалата постојано се зголемува, така што 1528 година бројот на муслиманските маала изнесува 21, а на христијанските 10, додека Евреите и Циганите се јавуваат за прв пат во ова време и тоа како посебни групи или општини наречени „џемати“, На крајот од XVI век во градот Битола има 24 муслимански маала, 11 христијански, 1 циганско со назив Nasredin, како и една еврејска општина (џемат). Маалата најчесто ги носат називите на поедини истакнати граѓани, занаетчии или старешини на маалата.

Од самиот попис во 1468 година можевме да констатираме дека од вкупно 295 регистрирани муслимани 152 од нив вршат некаква служба или некој занает. Такви служби и занаети ние можевме да согледаме околу 43 вида. Така, на пример, за 14 регистрирани муслимани стои дека се папуџии, за десетмина дека се табаци (штавосувач на кожи), за други 10 стои дека се изработувачи на специјални капи (takiyaci), за 8 души дека се сарачи, за деветмина дека се касапи, за осуммина дека вршат ткаачки занает, за други осуммина дека се изработувачи на чизми, за деветмина дека се кројачи и шивачи (hayyat-terzi), за осумина дека се налбати. Понатака се среќаваат петмина кујунџии, петмина алваџии, четворица сапунџии, петмина дуќанџии, како и понеколку бозаџии, грнчари, керестеџии, бојаџии, бајнари и сл.

Значи, скоро 50% од регистрираните муслимани во градот Битола вршат некаква служба или занает. Занаетите како и трговијата во ова време скоро исклучиво се во рацете на муслиманите, зошто помеѓу регистрираните христијани од вкупно 160 само за четворица стои дека вршат некој занает и тоа: 1 воденичар, 1 грнчар, 1 ковач и 1 касап.

Во 1481 година од вкупно 398 регистрирани муслимани од нив 210 вршат некоја служба или занает.[75]) И во ова време главно се застапени истите занаети, како и порано со таа разлика што, на пример, бројот на табаците од 10 во 1468 година сега се зголемува на околу 34; бројот на сарачите од 8 се зголемува на 15; бројот на кројачите и шивачите од 7 се зголемува на 13; бројот на бакалите се покачува од 2 на 19 итн.

За разлика од 1468 година кога констатиравме дека само четворица од регистрираните христијани вршат некој занает, сега тој број се покачува на 18, меѓу кои се јавуваат тројца чевлари, односно, папуџии, четворица шивачи, потоа по еден кожувар, кујунџија, касап, воденичар и сл.

Во средината на XVI век бројот на занаетчиите христијани се зголемува на 27, а на крајот од XVI и во почетокот на XVII век тој број се покачува на 39 така што при крајот на XVI век секој трет или четврт од регистрираните старешини на домаќинства од редот на христијаните врши некој занает. Спрема тоа, додека во текот на XV век занаетчиството во градот Битола беше главно во рацете на муслиманите, во текот на XVI век и особено кон крајот од XVI век ние гледаме дека занаетчиството се врши и од доста голем број христијани.

Паралелно со растежот на муслиманскиот елемент се зголемува и бројот на разни верски, просветни и други установи, како и бројот на службениците во нив. Така, на пример, бројот на имамите од 32 во 1528 година кон крајот на XVI век тој број се зголемува на 48; бројот на муезините од 5 се зголемува на 22; бројот на мухасилите од 3 се покачува на 27 итн.

---

[75] **T. D. № 16 — Пописот на град Битола од фотокопија бр. 386—392**

Вкупниот број на верските, просветните, судските и финансиските службеници и особено на оние што имале и воени обврски, макар што многу од нив биле и занаетчии, како што се акинџиите, ешкинџиите, јамаците и кираџиите, во 1528 година нивниот број изнесува 189, а кон крајот на XVI век 397. Во опширните пописни дефтери од XVI век можевме врз основа на податоците да констатираме дека прво биле две а подоцна четири џамии и тоа: Исхак Челебиева, Чауш-бегова, Мехмед-бегова и Хамза-бегова џамија. Што се однесува до месџидите нивниот број бил околу 30. Потоа во градот постоеле и 2 текиња (zaviye), чиишто основачи биле Исхак Челеби и Чауш-бег, бидејќи ги носат нивните имиња. Овие исти личности се основачи и на 2 медреси како и на 2 имарети во самиот град Битола. Во овој град се среќаваме и со првите вакафи, како што е на пример случајот со вакафот на Мехмед Челеби, потоа со вакафот на Чауш-бег при истоимениот имарет, понатака со вакуфот на Хаџи-бег, потоа со вакафот на Даут-паша, како и со некои други вакафи при месџидите: Појраз Берак, Хаџи Хасан, Кара Исхак, како и при џамијата — Хамза-бег.[76])

---

[76] T. D. № 232 — фот. бр. 453—456. — Во овој пописен дефтер од 1545 година среќаваме поопширни податоци за споменатите вакафи. Така, на пример, во вакафот на покојниот Хаџи-бег е регистрирано селото Буково во близина на самиот град Битола. Во текстот стои дека ова село му било дадено на Хаџи-бег како сопственост (mulk) уште од порано од страна на султанот Бајазит, заедно со приходите од џизие, испенџе, со данокот од овци (Adet-i agnam) и други даноци. Во царскиот документ било исклучително нагласено дека населението од ова село, како и населението од маалото „Хаџи-бег" во самиот град Битола биле ослободени од вршење служби на: — улаци,сегбани, соколари, од правење на крепости, од давање хранителни продукти за потребите на војската (nuzul), како и од сите други дивански намети.

Подоцна Хаџи-бег ова село го увакуфил. Во 1545 година вкупниот приход на вакафот од населението на ова село, како и од населението во маалото „Хаџи-бег" во самиот град изнесувал 24.482 акчи. Најголемиот дел од приходот се состои од данокот џизие во износ од 8440 акчи, потоа од испенџе 4725, од овци 200 акчи, од ушур за жито 191 товар, или пресметано во пари 3056 акчи, како и од ушурот за вино во износ од 3020 акчи. Во вакафот на Хаџи-бег спаѓале 6 дуќани во самиот град; еден амам (hamam) во град Белград, кој припаѓал кон Авлона (Албанија) со годишен приход од 992 акчи од дуќаните и 630 од амамот. Понатаму, овој вакаф имал приход во износ од 3400 акчи од еден амам во Скадарскиот санџак (Iskenderiye) и околу 576 од вакафски имот во град Битола. Во вакафот на Чауш-бег, при неговиот имарет во градот Битола спаѓало селото Пополжани во Битолската нахија, кое имало 97 домаќинства и 26 неженети. Вкупниот приход на вакафот од ова село изнесува годишно 18.579 акчи. Меѓу приходите од ова село има еден износ од 1212 акчи што се земал како данок за овците. Тоа е знак дека овчарството било доста развиено во ова село во тоа време.

На фотокопијата бр. 454 и 455 од истиот дефтер среќаваме податоци за вакафот на Даут-Паша. Таму стои дека селото Горно Егри, кое по тоа време се викало уште и Големо Егри, — било увакуфено при имаретот на Дут-Паша во Скутари, маало во Истанбул. Ова село му било дадено како мулк на Даут-Паша од страна на султанот Бајазит. Во султанската наредба било исклучително наведено дека населението од ова село било ослободено од сите обврски во врска со службите на улаци, черахори, соколари, од правење на крепости (hisari), од давање на нузул, како и од сите други редовни давачки на државата. Истите привилегии биле потврдени и од султанот Селим-хан, како и од тогашниот султан Сулејман Величенствени.

Во тоа време селото Горно Егри или Големо Егри, имало 134 домаќинства, 13 неженети, 2 муслимански чифлика со годишни обврски кон вакафот во износ од 12.717.

Годишниот приход на феудалниот господар што го земал, односно, добивал од населението на градот Битола во вид на ушур и разни други даноци и такси, во 1468 година изнесува 50.000 акчи. Во 1481 година годишниот приход изнесува околу 72.000 акчи. Во XVI век во просек изнесува околу 120.000 акчи годишно.

Грото на приходите како во XV исто така и во XVI век се состои од трошарина, од разни општински и судски такси, како и од данок што се земал од едно бозахане, од една свеќарница (mumhane) и од едно серхане или башхане, заедно со таксата за свадбарина, којшто во XV век изнесувал во просек околу 40.000 акчи, а во XVI век тој просек се движи кон 77.000 акчи. На друго место доаѓа приходот што се земал на име ушур (десеток) од вино, како и од монопол за продажба на виното. Феудалниот господар имал право да држи монопол за вино во времетраење од 1—2 месеца и за тој временски период само неговото вино што го добивал од христијанското население можело да се продава. За тој период обично цената на виното се покачувала од фиксираната цена за продажба. Во 1528 година тој приход изнесува 11.000 акчи, а во 1545 година 12.194 акчи. Во текот на XV век на трето место доаѓа приходот од житарици, така што во 1468 година населението на градот Битола било должно да му даде на феудалниот господар 285 товари жито, од кои 210 товари пченица, 50 товари јачмен, 21 товар 'рж и 4 товари овес или проценето во пари износ од 4.110 акчи. Во 1481 година задолжението од житарици изнесува 254 товари. Меѓутоа во XVI век се забележува големо смалување на количината житарици што било должно населението да му ја даде на феудалниот господар, бидејќи во 1528 таа количина жито изнесува околу 70 товари, а во 1545 година, како и при крајот на XVI век се сведува на 55 товари. Со други зборови приходот на феудалниот господар од житарици во градот Битола во текот на XVI век се намалува за нешто повеќе од пет пати. Оваа појава, по наше мислење, може да се објасни дека е последица од ангажирањето на голем број од регистрираните муслимани како акинџии, ешкинџии и други воени и полувоени служби и дека поради тие воени обврски тоа население било ослободено од давање ушур од земјоделски култури.

## ГРАД ЛЕРИН

### (Florina)

За градот Лерин и Леринската нахија располагаме со податоци од три опширни пописни дефтери. Едниот е од 1481 година, другиот од 1545 и третиот од крајот на XVI век или почетокот на XVII век. Леринската нахија како по бројот на населените места, т.е. селата исто така и по густината на населеноста е една од нај-

големите нахии западно од реката Вардар. Околу 1481 година на територијата на Леринската нахија има 167 населени места, а во средината на XVI век ги има 199. Следејќи го развојниот пат на составот на населението во оваа нахија паралелно со составот на населението во сите 16 нахии западно од реката Вардар, дојдовме до некои мошне интересни констатации. Пред сè во оваа нахија во текот на XV век имаме најмногу села населени само со муслиманско население, како и села со мешано население, што не е случај ни со една од останатите нахии. По бројот на запишаните муслимани по селата оваа нахија доаѓа на прво место, а по бројот на регистрираните муслимани како во самиот град така и по селата доаѓа на друго место, зошто во тој поглед на прво место доаѓа Скопската нахија. Според вкупниот број на регистрираните муслимани Леринската нахија е на друго место исто така и во средината на XVI век, кога во целата Скопска нахија тој број изнесува 1.967, а во Леринската 1.541 регистриран муслиман. Втората констатација која треба да се подвлече за Леринската нахија е релативно големиот број на исламизираните христијани веќе околу 1481 година; што не е случај ни со која друга нахија западно од Вардар, зошто веќе во ова време секој петти регистриран муслиман во оваа нахија е исламизиран христијанин. Така, на пример, во средината на XV век на целата територија на Леринската нахија, вклучувајќи го и самиот град Лерин, бројот на запишаните муслимански домаќинства (hane) изнесува 520, од кои 98 души се исламизирани христијани.

Градот Лерин како седиште на нахија околу 1481 година со уште 6 други села спаѓал во зеаметот на Мустафа-бег, син на Тургут-бег. Од 1545 година па сè до крајот на XVI или почетокот на XVII век спаѓа во хасовите на падишахот. Составот на населението на овој град во 1481 година е следниот: муслимани вкупно 44, од кои 40 домаќинства и 4 неженети.[77]) Во средината на XVI век бројот на регистрираните муслимани се зголемува на вкупно 79, од кои 67 домаќинства и 12 неженети,[78]) а при крајот на XVI или во почетокот на XVII век вкупниот број на муслиманите изнесува 204, од кои 190 домаќинства, 11 притежатели на баштини и 3 притежатели на чифлици.[79]) Спрема тоа бројот на муслиманите за период од околу 120 години се зголемил за пет пати, т.е. од 44 се покачил на 204. Бројот на исламизираните во самиот град во 1481 година изнесува 7, што значи дека скоро секој шести од регистрираните муслимани е исламизиран христијанин. Кон крајот на XVI век вкупниот број на исламизираните изнесува 53, од вкуп-

[77] Т. D. № 16 — Попис на градот Лерин од фот. бр. 479—481.

[78] Т. D. № 235 — Општите податоци од овој дефтер ми беа дадени од Др Александар Стојановски, за што најтопло му благодарам.

[79] Т. D. № 722 — Пописот за Лерин е даден од фотокопија бр. 180—183.

но 204 регистрирани муслимани, што значи дека во тоа време секој четврти муслиман во градот Лерин бил исламизиран христијанин.

Што се однесува до движењето на христијанското население во овој град, во тој исти период, од пописите се гледа дека околу 1481 година ги имало вкупно 199, од кои 160 домаќинства и 39 вдовици. Во 1545 година вкупниот број на христијаните изнесува 177, од кои 167 домаќинства, 5 вдовици и 2 неженети. На крајот од XVI век христијанскиот елемент во градот Лерин се сведува само на 29, од кои 24 домаќинства и 5 неженети, што значи дека христијанското население на овој град во однос 1481 година се смалило скоро за 7 пати.

По време на пописот од 1481 година муслиманите се регистрирани како една група (џемат), додека во пописите од 1545 година и од крајот на XVI век истите се регистрирани по маала. Во градот Лерин во текот на XVI век сретнуваме 3 чисто муслимански маала со следните називи: маало Хамза-бег, маало Џамија на покојниот Јакуп-бег и маало Ќатиб-Али. Христијаните исто така се дадени по маала со називи на поедини личности од тие маала, најчесто носејќи го името на старешината на самите маала. Помеѓу муслиманите 1481 година се среќаваат: 1 имам, 1 муезин и 1 хатиб, како и седумина кои вршат некој од следниве занаети: шивачки, сарачки, касапски, како и по 1 бакалин и бањар. Помеѓу христијаните можевме да констатираме дека има петмина кои што вршат кожуварски занает, 1 златар, 1 изработувач на кошници, 1 свирач, 1 протуѓер и двајца говедари.

Во средината на XVI век во Лерин среќаваме 3 имами, 2 муезини, 2 хатиби и 1 муалим.[80]) По ова време среќаваме и вакафи во градот Лерин. Таков е случајот, на пример, со вакафот при џамијата на покојниот Хамза-бег во самиот град. Овој вакаф располагал со 90 дуќани, добивајќи од нив годишен приход во износ од 6.000 акчи. Потоа приход од 1 серхане во износ од 2.600 акчи. Интересно е и тоа дека овој вакаф располагал и со 1 амам (hamam) во градот Битола со годишен приход во износ од 4.300 акчи. Истиот вакаф располагал со воденици во селата Петорак и Кучковени во Леринската нахија со годишен приход во износ од 842 акчи. Во самиот дефтер се покажани и расходите од добиените приходи што се давале во вид на дневници на разни службеници во вакафот како што биле: хатибот, имамот, муалимот и други, а преостаналата сума од тие приходи се употребувала за одржување и поправки на објектите како што биле: муалимхането, месџидот, амамот, дуќаните, вакавскиот каравансарај, воденици и мостови кај поедини села.[81])

---

[80] Муалим (Muallim) — Учител, преподавател.

[81] T. D. № 235 — на крајот од пописот.

Покрај овој вакаф имало уште 3 други. Еден од нив бил на покојниот Јакуп-бег. Овој вакаф добивал годишно 4.666 акчи на име паушал за еден амам во самиот град Лерин. Потоа од трошарина или баждарина имал приход од 2.000 акчи. Овие приходи се користеле за потребите на џамијата на покојниот Јакуп-бег. Останалите два вакафи се следните: вакаф на госпоѓата Хурије (?) и на покојната Хатиџе, ќерка на Реџеп-хоџа.[82])

А сега сосем накусо ќе се задржиме на годишните приходи на непосредните феудални господари во чиишто лена спаѓал и градот Лерин. Во 1481 година годишните приходи на леринскиот заим Мустафа-бег само од градот Лерин изнесуваат вкупно 31.484 акчи, а во средината на XVI век кога градот Лерин спаѓа во хасовите на падишахот, годишниот приход што бил земан од населението на овој град изнесувал 33.643 акчи.

Најголем дел од тој приход се состои од трошарината, вклучувајќи го тука и данокот за свињи, некои казни, како и данокот за свадбарина. Приходот од тис давачки во 1481 година изнесува 9.500 акчи, а во 1545 година истиот приход изнесува 10.110 акчи. На второ место доаѓаат приходите добиени на име ушур од лозја, т.е. ушур од вино, кои приходи во 1481 година добиени само од христијаните изнесуваат во пари 3.670 акчи, а во натура, т.е. во вино 734 медри. Од муслиманите во градот Лерин на име „данок за лозја“ се земало годишно 341 акчи. Според тоа годишниот приход од лозја собиран како од христијаните така и од муслиманите изнесувал вкупно 4.011 акчи. Во 1545 година ушурот од вино што се земал од христијаните изнесувал 605 медри или пресметани во пари 3.025 акчи. Од муслиманите по тоа време на име „данок на лозја“ се земало само во пари во вкупен износ од 3.000 акчи, што значи дека годишниот приход од лозја земан како од христијаните така и од муслиманите во 1545 година изнесувал вкупно 6.025 акчи. На трето место доаѓаат приходите од житарици. Во 1481 година населението на градот Лерин било должно да му даде на феудалниот господар 125 товари пченица во износ од 2.000 акчи и 90 товари јачмен во износ од 900 акчи, или вкупно од житарици 2.900 акчи. Во 1545 година се регистрирани 120 товари пченица во износ од 3.120 акчи, потоа 80 товари јачмен во износ од 1.440 акчи, понатака граор 5 товари во износ од 110 акчи, леќа 3 товари во износ од 78 акчи, како и од 3 чифлика одделно 4 товари пченица во износ од 104 акчи и 1 товар јачмен пресметан 18 акчи. Според тоа во 1545 година вкупната количина жито што е добиена како ушур изнесува 213 товари или во пари 4.870 акчи. Приходот од жита на крајот на XVI век изнесува 205 товари или пресметани во пари 4.590 акчи, а ушурот од вино земан од христијаните изнесува 220 медри односно 1.100 акчи, додека муслиманите на име данок од лозја се задолжени со 3.000 акчи, што

---

[82] Ibid.

вкупно изнесува 4.100 акчи. На крајот од XVI век во пописниот дефтер не е внесен приходот од трошарината. Веројатно, тој приход му припаѓал по тоа време на некој друг феудален господар.

## ГРАД КОСТУР

### (Kestirye)

Во пописните дефтери градот Костур се води под називот Kestirye или Kesriye. Во најстариот опширен пописен дефтер № 237 од околу 1445 година на територијата на Костурската нахија со седиште во градот Костур се опфатени вкупно 67 населени места,[83]) односно села, додека во пописните дефтери од втората половина на XVI век во Костурската нахија се опфатени 99 села. Кон средината на XV век градот Костур со уште неколку околни села спаѓал во хасовите на костурскиот субашија, Караџа-бег, додека во XVI век овој град спаѓал во хасовите на падишахот.

Во 1445 година во градот Костур се регистрирани 22 муслимански домаќинства, а бројот на регистрираните христијани изнесува вкупно 940, од кои 792 домаќинства, 112 вдовици, 36 нежежнети, 93 Евреи, од кои 84 домаќинства, 4 вдовици и 5 неженети.[84]) Пописот во овој дефтер почнува најнапред со регистрирање на христијаните кои се распределени во 20 маала. Потоа доаѓа пописот на Евреите што се населени во едно маало и на крајот следи пописот на муслиманите кои се прикажани како една група (џемат), а не по маала. Заслужуваат посебно внимание самите називи на христијанските маала од овој период. Од вкупно 20 христијански маала 11 од нив носат назив на поедини занаети или занаетчии. Такви се на пример, маалата на: шивачите (ḫayyatân), рибарите (balikçiyân), касапите, кожуварите (kürkçiler) трговците (bazirgân), сарачите (saraçân), златарите (zerkerân), железарите (ḫaddadân), казанџиите (kazanci) и други. Овие називи за маалата во градот Костур се, без сомнение, најарен доказ дека сите тие занаети биле застапени во овој град во средината на XV век. Ако се има предвид фактот дека бројот на регистрираните муслимани е 22, од кои 13—14 души вршат некој занает како, на пример, 3 шивачи (ḫayyat), 2 влачари (ḫalaç), 2 свилари (kazzaz), 1 папуџија, 1 сарач, 1 бисерџија и 1 ситничар, од тука сосем јасно произлегува дека занаетите што се во називите на маалата биле вршени, најверојатно, од христијани или Евреи. Бидејќи по време на пописот во овој период се регистрирани само личните имиња, без презимиња или професии, затоа не сме во состојба нашата претпоставка да ја аргументираме, иако истата е сосем логична.

---

[83] T. D. № 237 — Попис на самиот град од пагинираната страница 68—83

[84] Ibid.

Кога сме веќе кај називите на маалата во градот Костур, да видиме како стојат работите во пописните дефтери № 424 и № 433 од средината или крајот на XVI век.[85]) Веднаш да нагласиме дека нема ниту во едниот ниту во другиот дефтер од XVI век маала со назив на занаетчиите од оние 11, што се регистрирани околу 1445 година. Во XVI век се јавуваат 2 маала со турски називи, едното наречено Џамија и второто наречено Дибаган, во кои се населени како муслимани исто така и христијани. Меѓутоа, кон крајот на XVI или во почетокот на XVII век во тие исти маала се регистрирани само муслимани, додека христијаните или преминале во ислам или пак биле принудени да се иселат од тие маала. Така се дошло и во градот Костур до она што е типично за ориенталските градови, на една страна да бидат групирани по маала муслиманите, а на друга христијаните и Евреите. За XVI век е карактеристично не само за градот Костур туку и за многу други градови, што на маалата им се даваат називи на разни светци. Така, на пример, од вкупно 34 христијански маала 24 од нив имаат називи на поедини светци, како што се, на пример, маалата: Свети Никола, Свети Ѓорѓи, Света Параскева, Свети Андреа, Свети Атанас, Свети Димитрија, Свети Константин, Свети Лука итн.

Заслужува посебно внимание податокот што го среќаваме во опширниот пописен дефтер № 237 од околу 1445 година. По пописот на христијанското и еврејското население во овој дефтер следи попис на 18 манастири, а по тоа следи пописот на муслиманите. Не сме сосем сигурни дали се работи навистина за манастири или пак се во прашање цркви. Не е исклучено дека се тоа манастири што се наоѓаат на целата територија од Костурската нахија. За да може со сигурност да се констатира нужни се теренски испитувања за да се установи врз основа на називите на тие манастири дали се тоа навистина манастири или пак цркви и дали истите се наоѓаат во градот Костур или во неговата околина. Ние можевме со сигурност да ги дешифрираме само називите за следните од тие манастири и тоа: — манастир Св. Васил, манастир Св. Ѓорѓи, манастир Аргирис Анказ, манастир Архоз-Атикос, манастир Св. Параскева кој се сретнува на два пати, во едниот свештеникот што е регистриран се викал Димитри, а во другиот се викал Лукас; понатака следи манастир со назив Христо Симоз, манастир Испалиот, манастир Вангилистра, манастир Св. Никола кој се повторува три пати, а се разликуваат по имињата на калуѓерите или свештениците во тиа манастири итн.

А сега да се задржиме на составот на населението во градот Костур во текот на XVI век. Во опширниот пописен дефтер № 424 се запишани вкупно 57 муслимански домаќинства, а во пописниот дефтер № 433 ги има вкупно 78, од кои 83 домаќинства и 4 не-

[85] Т. D. № 424 — Попис на Костурската нахија од фот. бр. 751—886; а во пописниот дефтер № 433 — пописот е од фот. бр. 470—582.

женети. Спрема тоа во однос на 1445 година вкупниот број на муслиманите за период од околу 150 години се зголемил за 4 пати. Што се однесува до бројот на исламизираните христијани во најновиот пописен дефтер изнесува 16, што значи дека скоро секој петти од регистрираните муслимани е исламизиран христијанин.

Движењето на христијанскиот и еврејскиот елемент во истиот период е следното: во пописниот дефтер № 424 се регистрирани вкупно 1.003 христијани, од кои 760 домаќинства, 100 вдовици и 143 неженети, а во дефтерот № 433 негде од крајот на XVI или почетокот на XVII век вкупниот број на регистрираните христијани изнесува 800, од кои 673 домаќинства и 127 неженети. Спрема тоа кај христијаните од 1445 година до средината на XVI век се јавува едно зголемување од 63 регистрирани лица. Меѓутоа, во поновиот пописен дефтер ние забележуваме едно смалување од 140 регистрирани христијани во споредба со 1445 година, а во споредба со средината на XVI век бројот на регистрираните е помал за 203 регистрирани лица. Што се однесува до Евреите, ние видовме дека околу 1445 година нивниот број изнесуваше 93. Меѓутоа, негде кон средината на XVI век бројот на регистрираните Евреи се сведува на 17, а кон крајот на XVI век забележуваме извесно зголемување бидејќи по ова време се регистрирани 22 лица. Очигледно е дека Евреите почнале да го напуштаат градот Костур и да се селат во други градови на Македонија и тоа во прв ред, највероjатно, во градот Битола, зошто од поранешното излагање ние видовме дека бројот на Евреите во градот Битола особено се зголемува помеѓу 1528 и 1545 година.

По прашањето на занаетчиите и видовите занаети во градот Костур ние веќе дадовме некои податоци кои се однесуваат на времето од околу 1445 година. Кон крајот на XVI век од вкупниот број на запишани муслимани ние можевме да констатираме дека околу 20 души вршат некој занает, што претставува нешто повеќе од 25% од вкупниот број на регистрираните муслимани. Што се однесува до занаетчиите христијани по ова време од вкупно 673 старешини на домаќинства 66 души се занимаваат со некој занает. Од занаетите најзастапени се табачкиот и папуџискиот. Во помал број се застапени: налбатскиот, шивачкиот, самарџискиот, калајџискиот, влачарскиот, сапунџискиот, дрводелскиот, бојаџискиот, шапкарскиот, фурнаџискиот, берберскиот и други.

Зборувајќи за годишните приходи на непосредните феудални господари што ги добивале од населението на градот Костур ја имаме следнава положба. Околу 1445 година годишниот приход на костурскиот субаша по име Караџа-бег, во чиишто хасови бил вклучен градот Костур, изнесува 102.804 акчи. Кон средината на XVI век годишниот приход на феудалниот господар изнесувал 125.180 акчи, а кон крајот на XVI век годишниот приход на феудалниот господар изнесува 172.002 акчи.

Во средината на XV век грото на приходите го чини ушурот од лозја во износ од 24.780 акчи или во натура 12.390 медри. Секоја медра се пресметувала во тоа време по 2 акчи. На друго место доаѓа приходот од трошарина во износ од 23.000 акчи и од риболов исто така во износ од 23.000 акчи. След овие давачки доаѓа данокот земан на име испенџе во износ од 21.372 акчи, а потоа ушурот од жита во износ од 3.663 акчи, т.е. 1.812 кила жито, од кои 950 кила пченица, 356 кила 'рж, 350 кила јачмен и друго. Бидејќи 4 кила чинат еден товар спрема тоа количината на целокупното жито пресметана во товари изнесува 453 товари.

Во текот на XVI век најголемиот дел од приходите на непосредниот феудален господар, во ова време на падишахот, се состои од риболов на Костурското езеро кој ја достигнува сумата во износ од околу 56.000 акчи; потоа приходот од трошарина во износ од 42.000 акчи, десеток од вино кој се движи од 30—35.022 акчи, или во натура од 10—11.022 медри. Понатака следи приходот на име испенџе во износ од околу 20.000 акчи итн. Во двата пописни дефтери од XVI век паѓа в очи големото смалување на приходите од житарици. Ние веќе видовме дека тој приход во натура изнесуваше 1.812 кила, додека во XVI век се сведува само на 165 кила, односно на 41 товар, што значи дека тој приход се смалил за повеќе од 10 пати во споредба со средината на XV век. Како во XV исто така и во XVI век главно занимање на населението од градот Костур биле риболовот и лозарството. Во текот на XVI век се јавува и приход што се земал како данок за ергели во износ од 200—220 акчи, потоа приход од едно бозахане во знос од 200—300 акчи и од една свеќарница (şemhane) во износ од 2.333 акчи.

На крајот ќе дадеме некои информации за вакафите во XVI век во градот Костур врз основа на податоците извлечени од пописните дефтери. На страна 885 и 886 од дефтерот № 433 е даден пописот на вакафите на: Касим-баба, Ајдин-баба, Скендер-бег, Мехмед-бег, Хаџи Абдија и на некој имам на џамија. Во вакафите се опфатени околу 27 дуќани, потоа воденици, ниви и лозја. Посебно е интересен вакафот на манастирот Пескопос, што се наоѓал во близината на Костур. Со вакафот на овој манастир управувал митрополитот на градот Костур, којшто притежавал за тоа нешто и царски берат. Од како ќе се предадел предвидениот ушур и други даноци и такси што му следеле на заимот на Костур, со преостанатите приходи располагал самиот манастир. Во вакафот на овој манастир се вклучени лозја во градот Костур, како и во селата: Крмпени, Маврово и Лечиште. Потоа вакафот располагал со 2 воденици, 3 далјани (ловишта на риби), од кои еден во селото Дубјак, а другиот во селото Каладором. Вкупниот приход на манастирот од вакафскиот имот годишно изнесувал 2.144 акчи. Во пописниот дефтер среќаваме уште два други манастирски вакафи. Едниот е вакафот во манастирот Мавриотин (?) и другиот на ма-

настирот Свети Никола. Годишниот приход од вакафот на манастирот Мавриотин изнесува 1.050 акчи, којшто се добивал од лозја и ниви во селото Маврово. Годишниот приход од вакафот на манастирот Св. Никола — Испалиот, изнесува 1.350 акчи, што се добивал од лозјата и нивите во селата: Маврово, Крмпени и Слимишта.

## ГРАД ШТИП

### (Iştip)

Градот Штип бил седиште на Штипската каза, во која што биле вклучени 3 нахии: Штипската, Кочанската и Нагоричанската. Сите овие нахии припаѓале кон Ќустендилскиот санџак. За временскиот период од околу 55 години овој град спаѓал во хасовите на Ќустендилскиот санџак-бег. По бројот на регистрираните жители по градовите во 1519 година на територијата на Ќустендилскиот санџак, градот Штип доаѓа на четврто место после градовите: Кратово, Мелник и Петрич, додека градовите Струмица, Ќустендил и Дупница имаат помал број регистрирани жители од градот Штип. Меѓутоа, според податоците од опширниот пописен дефтер од 1573 година според бројот на регистрираните жители градот Штип доаѓа на прво место во целиот Ќустендилски санџак.

Според податоците од сумарниот пописен дефтер № 167 во Штип имаме вкупно 157 запишани муслимани, од кои 14 неженети а останатите старешини на домаќинства. Помеѓу муслиманите се среќаваат: 7 имами, 8 муезини и 17 акинџии. Пописот на муслиманите е вршен по маала, чијшто број по ова време изнесува 8 Вкупниот број на регистрираните христијани изнесува 350, од кои 274 старешини на домаќинства, 39 вдовици и 37 неженети, населени во 5 маала. Во градот Штип по ова време се јавуваат и 38 Евреи, за кои во дефтерот стои дека се доселиле од градот Солун. Во дефтерот № 167 имаме податоци дека во тоа време во градот Штип постоеле: 1 амам (hamam), 1 џамија, 7 месџиди, 1 теке (zaviye), 1 муалимхане и 1 медреса.[86])

Во 1519 година во градот Штип се регистрирани вкупно 218 муслимани, од кои 17 неженети а останатите старешини на домаќинства, населени или групирани во 9 маала. Вкупниот број на христијаните коишто се населени во 6 одделни маала, изнесува 383, од кои 333 старешини на домаќинства, 30 вдовици и 20 неженети. Бројот на Евреите во 1519 година изнесува 15.[87])

---

[86] T. D. № 167 — фот. бр. 262.

[87] Maliye № 170 — Попис на град Штип од пагинираната стр. 68—71, а во сумарниот дефтер № 74 — на стр. 10.

Во третиот опширен пописен дефтер од 1573 година вкупниот број на регистрираните муслимани изнесува 497, од кои 42 неженети, а останатите старешини на домаќинства, населени во 18 маала. Бројот на христијаните што се регистрирани во ова време изнесува 415, од кои 263 старешини на домаќинства, 24 притежатели на баштини, 12 вдовици и 116 неженети. Христијаните се населени во 5 маала. Бројот на регистрираните Евреи по ова време изнесува 39, од кои 28 старешини на домаќинства и 11 неженети.[88]) Евреите се дадени како една општина (џемат).

Од споменатите 3 пописни дефтери ние гледаме дека бројот на муслиманите е во постојано зголемување, почнувајќи од 157 во пописниот дефтер № 167 потоа на 218 во пописниот дефтер од 1519 година и на 497 во пописниот дефтер од 1573 година. Со други зборови за период од околу 80 години муслиманскиот елемент во градот Штип тројно се зголемил. Што се однесува до христијанскиот елемент, ако го земеме предвид вкупниот број на регистрираните, во тој случај за тој исти временски период ние ќе констатираме едно зголемување од 45 регистрирани лица, т.е. најнапред имаме вкупно 350, потоа 383, а во 1573 година 395 регистрирани христијани. Ако се изостави бројот на неженетите и се земе предвид само бројот на домаќинствата и на вдовиците, за кои може да се претпостави дека претставуваат исто така домаќинства и во тој случај ако ги споредиме податоците од 1519 година, кога тој број на домаќинства изнесува 363, со податоците од 1573 година кога бројот на домаќинствата (заедно со вдовиците) изнесува 279, ќе видиме едно смалување на домаќинствата за 84. Што се однесува до Евреите, нивниот број, во овој интервал, се движи од 15—39 вкупно регистрирани.

Во опширниот пописен дефтер од 1519 година врз основа на податоците од пописот, поаѓајќи од презимињата на „Bin Abdullah", можевме да констатираме дека бројот на исламизираните христијани изнесува 30, што во однос на вкупниот број на запишаните муслимански домаќинства, значи, дека во тоа време секој седми муслиман во градот Штип бил исламизиран христијанин. Од пописот што е извршен во 1573 година можевме да заклучиме дека вкупниот број на исламизираните христијани изнесува 105, што во однос на вкупниот број од регистрираните муслимани, значи, дека скоро секој четврти бил исламизиран христијанин.

Помеѓу регистрираните муслимани во 1573 година само за околу 30 души можевме да констатираме дека вршат некаков занает. Од тој вкупен број занаетчии, само четворица се христијани. Помеѓу занаетчиите се среќаваат: табаци, сарачи, папуџии, налбати, казанџии, шивачи, бербери, самарџии, мутавџии, касапи и др.

---

[88] Defter-i müfassal Liva-i Küstendil — № 85. Пописот на град Штип е даден под реден број 3. Овој дефтер се чува во главната катастарска управа во Анкара.

Вкупниот годишен приход на феудалниот господар што го земал од населението на градот Штип пред 1519 година изнесува 56.680 акчи, што се гледа од сумарниот пописен дефтер № 167. Во 1519 година годишниот приход изнесува вкупно 58.783 акчи, а во 1573 година тој приход изнесувал вкупно 110.000 акчи. Како во 1519 исто така и во 1573 година најголемиот дел од приходите доаѓал од ушурот на вино што се земал од христијаните, а од муслиманите се земал „resm-i dönüm" (на секој донум лозје се наплатувало данок од муслиманите во износ од 5 акчи). Во 1519 година христијаните биле должни да му дадат на феудалниот господар 2.485 медри вино во износ од 12.425 акчи, а муслиманите (за 401 донум лозје) биле должни да му платат на феудалниот господар сума во износ од 2.105 акчи. Спрема тоа, вкупниот годишен приход на феудалниот господар во 1519 година само од лозја изнесувал 14.530 акчи. Во 1573 година христијаните биле задолжени со 3.300 медри вино, или во пари 19.800 акчи бидејќи по ова време една медра вино се пресметувала по 6 акчи. Муслиманите на градот Штип во ова време биле задолжени со 1.550 акчи. Тие по ова време притежавале 310 донуми лозја и за секој донум плаќале данок во износ од 5 акчи. Спрема тоа, вкупниот приход од лозја во 1573 година изнесува 21.350 акчи.

Од земјоделски производи биле доста развиени и житариците (пченица, јачмен, 'рж, овес, леќа, граор и др.), што се гледа од самиот ушур што му припаѓал на феудалниот господар во износ од 14.170 акчи, за вкупно 665 товари, од кои 410 товари пченица, 250 товари мешано (јачмен, 'рж, овес), а останатите 5 товари од леќа, граор и друго. Еден товар пченица се пресметувал по 25 акчи, еден товар мешано по 15 акчи, еден товар граор по 30 акчи, а еден товар леќа 50 акчи. Помеѓу приходите се среќава вкупниот износ од 26.000 акчи што се земал на име трошарина, нијабет, такса за вино, за пчели и овци. На име испенџе христијаните му плаќале на феудалниот господар сума во износ од 10.122 акчи.

Впечатливи се приходите земани како такси или даноци за пасишта во износ од 5.200 акчи. Потоа се среќаваат приходи од овошје, бостан, потоа од данок за воденици, свињи, свадбарина и друго. Во вкупниот годишен приход на феудалниот господар во износ од 110.000 акчи спаѓа и приходот од половина нијабет, што се земал од спахиските тимари што се наоѓале на територијата на Штипската, Кочанската и Нагоричанската нахија во износ од 26.000 акчи годишно.

Порано видовме дека на феудалниот господар му следеле на име ушур 665 товари жито. Под претпоставката дека тоа претставува десети дел, во тој случај вкупното производство на жито од целото население на градот Штип би изнесувало 6.650 товари. Бидејќи вкупниот број на домаќинствата во градот во тоа време беше 736 (заедно муслимани и немуслимани, без неженетите),

тоа значи дека во просек секое домаќинство произведувало 9 товари жито.

По однос на давачките за вино ние видовме дека христијанското население на градот Штип било должно да му дава годишно на феудалниот господар 3.300 медри вино како ушур (десеток). Тоа, значи, дека вкупното производство на вино изнесувало околу 33.000 медри. Бидејќи 2 медри чинеле едно ведро (позната стара мерка за течност) во тој случај се произведувало вкупно 16.000 ведра. Ако оваа количина ја поделиме само со бројот на христијанските домаќинства, чијшто број во 1573 година изнесува 279, ќе видиме дека во просек на секое христијанско домаќинство доаѓа околу 60 ведра. Ако од таа количина го одбиеме десетокот што му следел на феудалниот господар ќе видиме дека на секое домаќинство во просек му преостанувале 54 ведра. Со примена на вакво пресметнување и кај другите градови на основните и најважните земјоделски и други производи, може да се согледа економската положба на населението во тие населби, не испуштајќи ги, се разбира, од предвид при тоа и останатите обврски на населението во врска со разни редовни и вонредни даноци на самата држава познати како „avariz-ı divaniye ve tekâlif-iörfiye“, коишто биле многу поголеми и многу потешки од обврските спрема непосредниот феудален господар.

## ГРАД СТРУМИЦА

Од податоците во опширниот пописен дефтер од 1519 година гледаме дека градот Струмица во тоа време бил седиште на каза, кон која биле приклучени, покрај Струмичката нахија, уште 7 други нахии и тоа: Малешево, Бојмија, Конче, Тиквеш, Мариово, Петрич и Мелник. Составот на населението во градот Струмица во ова време е следниот: муслимани вкупно 310, од кои 266 старешини на домаќинства и 35 неженети. Помеѓу муслиманите има 28 акинџии, 5 имами и 1 бератлија. Овие се населени во 10 чисто муслимански маала. Вкупниот број на христијаните изнесува 314, од кои 274 старешини на домаќинства, 20 вдовици и 20 неженети. Христијаните се населени во 6 маала. Спрема тоа, вкупниот број на регистрираните муслимани и христијани во градот Струмица во 1519 година изнесува 615, од кои 540 старешини на домаќинства, 20 вдовици и 55 неженети.[89])

Во 1573 година бројната состојба на населението на овој град е следната: муслимани вкупно 469, од кои 442 домаќинства и 27 неженети. Помеѓу муслиманите се среќаваат 14 имами, 5 муезини, 1 шејх (старешина на теке), 4 мутевелии, 2 муалими, 4 мухте-

---

[89] Maliye № 170 — Пописот на град Струмица е даден од пагинираната страна 62—65; а во сумарниот дефтер № 74, на стр. 10.

сиби, 8 ешкинџии и јуруци, 1 кассам, 1 муариф, 2 акинџии, 2 на служба во крепоста, 3 хатиби и друго.

Сите муслимани во градот Струмица по ова време се населени во 16 маала. Покрај овие во градот постои и еден џемат од 13 муслимани Цигани, коишто плаќале данок наречен „Resm-i duhan“ по 6 акчи годишно. Вкупниот број на христијаните изнесувал 354, од кои 227 старешини на домаќинства, 23 вдовици и 104 неженети. Христијаните се населени, како и во 1519 година, во 6 мала. Помеѓу христијаните се среќаваат и 6 лица што вршеле соколарска служба.

Покрај христијаните во градот Струмица се регистрирани и тројца Евреи, за кои стои дека биле „вон од дефтерот“ (ĥaric ez defter), што значи дека овие Евреи во претходниот пописен дефтер не биле регистрирани, тоа значи дека се доселиле подоцна.[90])

Правејќи споредба на составот на населението на овој град во 1519 година со оној од 1573 година, ние гледаме дека во 1519 година преовладувал христијанскиот елемент над муслиманскиот, зашто односот е 314:301. Меѓутоа, во 1573 година муслиманскиот елемент е во мнозинство и соодносот помеѓу муслиманскиот и христијанскиот елемент е 469 : 353. Со други зборови во 1573 година бројот на регистрираните муслимани е поголем за 115 од бројот на христијаните.

Ако го проследиме одделно движењето на муслиманскиот и христијанскиот елемент во градот Струмица во интервалот помеѓу 1519—1573 година, ќе констатираме дека вкупниот број на муслиманските домаќинства во тој интервал се зголемил за 177, додека вкупниот број на христијанските домаќинства (без неженетите) за истиот период од 294 се намалил на 250 домаќинства.

Преовладувањето на муслиманскиот елемент над христијанскиот во 1573 година, како и скоро изедначувањето на муслиманскиот елемент со христијанскиот во 1519 година, може да се објасни со следење процесот на исламизацијата. Имено, во 1519 година бројот на исламизираните христијани во градот Струмица изнесува 70, што во однос на вкупниот број на муслиманските домаќинства од тоа време, значи, дека секој четврти муслиман е исламизиран христијанин. Во 1573 година од вкупно 442 домаќинства, 136 се исламизирани, што значи дека по ова време скоро секој трет од запишаните старешини на муслимански домаќинства е исламизиран христијанин. Од овие податоци, ни се чини дека е сосем јасно од каде доаѓа смалувањето на христијанскиот елемент во градот Струмица.

Од називите на самите маала во градот Струмица, како и од професијата на поединци од запишаните муслимани, можеме да констатираме дека во 1573 година покрај постојната џамија од

---

[90] Defter-i müfassal Live-i Küstendil № 90. Пописот на град Струмица е даден од пагинираната страна 6—9.

порано, наречена „Стара џамија на Султан-Мурат“, се јавува и друга наречена „Нова џамија“. Потоа од називот на едно маало наречено „Завије“, како и од името на еден регистриран шејх, се гледа дека во градот имало и дервишко теке. Поедини маала ги имаат називите на новоотворените месџиди, што може да се потврди и со самиот број на имамите и муезините, чијшто број изнесува 19. Очигледно е дека паралелно со растежот на муслиманскиот елемент се зголемува и бројот на верските установи. Бидејќи во 1573 година се јавуваат и четворица мутевелии, тоа е најарен доказ дека во тоа време во градот имало и 4 вакафи. Фактот да во градот Струмица се регистрирани 1 муалим и 1 муариф допушта да се претпостави дека постоела медреса и муалим-хане.

Градот Струмица, како и некои други градови во Ќустендилскиот санџак, спаѓал уште од пред 1519 година во хасовите на Ќустендилскиот санџак-бег, кој во 1573 година се викал Јунус-бег. Вкупниот годишен приход на овој санџакбег добиен од населението на градот изнесувал 92.200 акчи. Приходот се состоел од ушур што се земал од разни земјоделски производи и други даноци и такси. Во овој приход е вклучена и половината нијабет што се собирал од тимарите на спахиите на териториите на: Струмичката и Малешевската нахија, како и од нахијата Бојмија, во износ од 30.300 акчи. Најголемиот дел од приходите се состои од ушурот на вино, што се земал само од немуслиманите, кој во натура изнесувал 3.000 медри, а во пари 18.000 акчи, т.е. секоја медра се пресметувала по 6 акчи. Муслиманите во градот Струмица, како и во останалите градови, место ушур плаќале по 5 акчи за секој донум лозје. Во ова време муслиманите во Струмица притежавале 140 донуми лозја и затоа се задолжени со 700 акчи. На второ место доаѓа приходот од трошарина заедно со свадбарината во износ од 20.000 акчи. Овој приход е најарен доказ дека градот Струмица бил еден мошне развиен пазаришен и трговски центар. Од приходите што се регистрирани се гледа дека во овој град било мошне развиено градинарството, овоштарството, како и гаењето на свилена буба. Самиот санџакбег во атарот струмички имал сопствени ливади со приход од 400 коли сено во вредност од 4.000 акчи. Помеѓу приходите се регистрирани ушур од жита и ливади, како и данок за бостан од 3 чифлици што му припаѓале на членови од дервишкиот ред во градот Струмица. Помеѓу приходите е регистриран и оној што се земал од манастирот Свети Никола во Струмица.

Што се однесува до занаетчиите во самиот град, податоците во пописниот дефтер од 1573 година се мошне оскудни, зошто од пописот можевме да констатираме дека ги има сè на сè 24, од кои 10 муслимани и 14 христијани. Меѓу занаетчиите се среќаваат: сарачи, табаци, терзии, папуџии, налбати, железари, свеќари, дулгери, самарџии и други.

## ГРАД ПЕТРИЧ

Градот Петрич и Петричката нахија биле вклучени во Струмичката каза. За временски период од околу 70—80 години овој град постојано бил вклучен во хасовите на Ќустендилскиот санџак-бег.

Следејќи го развојниот пат на составот на населението на овој град и споредувајќи го со развојот на останатите градови во Ќустендилскиот санџак, врз основа на опширните пописни дефтери од 1519 и 1573 година доаѓаме до констатација, дека градот Петрич по вкупниот број на регистрираните жители (муслимани и христијани) во 1519 година стои пред градовите Струмица, Штип, Дупница и Врање, додека градовите Мелник и Кратово по бројот на регистрираните жители стојат пред Петрич. Меѓутоа, во 1573 година ситуацијата се менува така што вкупниот број на регистрираните муслимани и христијани во градовите — Струмица, Штип и Ќустендил е поголем од бројот во градот Петрич. По однос на бројот на запишаните жители во 1573 година едино заостанува градот Дупница. Што е уште покарактеристично додека вкупниот број на регистрираните жители во 1573 година на пример, во градовите Струмица, Штип, Ќустендил и Дупница во однос на 1519 година е во пораст, во градот Петрич напротив, тој вкупен број е во опаѓање т.е. од 681 во 1519 година се смалува на 545 во 1573 година. Оваа појава на смалување на вкупниот број на регистрираните жители е карактеристична и за градот Кратово, во којшто 1519 година биле запишани вкупно 1.209 лица, додека во 1573 се сведуваат на 875. Истата појава ја среќаваме и во градот Мелник.

Во 1519 година во градот Петрич се запишани 60 муслимани и 621 христијанин, од кои 461 домаќинство, 75 вдовици и 85 неженети. Од вкупниот број на муслиманите 21 се акинџии. Пописот на муслиманите не е извршен по маала, а се дадени како една група (џемат). Што се однесува до христијаните тие се распределени во 13 маала. Четири од овие маала носат називи според имињата на поедини свештеници на пример: маало поп Трајко, маало поп Славе, маало поп Димо и маало поп В'лчо.[91])

Во пописниот дефтер од 1573 година се регистрирани вкупно 135 муслимани, што значи два пати повеќе од колку во 1519 година. Во овој попис муслиманскиот елемент е распределен по маала и ги има 3. Едното се вика Џамија, во кое се регистрирани 111 домаќинства, второто се вика Баница со 20 домаќинства и третото Козле (?) со 4 регистрирани муслимански домаќинства. Помеѓу муслиманите среќаваме 11 лица што имале чифлици, 4 џелепи, 4 мухасили и по 1 имам, музеин, хатиб и муариф. Вкупниот број на запишаните христијани изнесува 410, од кои 266 до-

[91] Maliye № 170 — Пописот на град Петрич од стр. 76—79; а во сумарниот дефтер № 74 на страна 10.

маќинства, 37 вдовици и 107 неженети, распределени во 10 маала.[92]) Во однос на пописот во 1519 година вкупниот број на христијаните во 1573 година гледаме дека е помал за 211, т.е. од 621 спаѓа на 410. Има еден податок за тоа дека во Петрич се доселени од градовите Мелник и Демир Хисар 12 Цигани, кои што се задолжени со 73 акчи на име „resm-i duhan".

Што се однесува до процесот на исламизацијата во овој град, од податоците се гледа дека од вкупниот број на муслиманите во 1519 година 21 од нив се исламизирани христијани што, значи, секој трет од запишаните муслимани е исламизиран. Во 1573 година можевме да констатираме дека се 26 лица исламизирани, што во однос на вкупниот број на муслиманите, значи, дека скоро секој петти е исламизиран христијанин.

Годишниот приход на феудалниот господар на овој град во 1519 година изнесува 58.603 акчи, а во 1573 година 83.741 акча. Најголем дел од приходите е од разни видови жита, чија што вкупна количина изнесува 743 товари во вредност од 13.775 акчи. Потоа следи приходот земан на име испенџе во износ од 9.491 акча. Доста е голем приходот од трошарина кој изнесува 8.000 акчи, што е доказ дека Петрич бил град со доста развиен промет. Впечатлив е приходот земан на име „ушур за мед", кој изнесувал 700 акчи, што говори дека населението во овој град се занимавало доста и со пчеларство. Исто така во градот Петрич било мошне развиено гаењето на свилена буба, што се гледа најарно од годишниот приход за тој производ кој изнесува 3.000 акчи, појава каква што не сме сретнале во останатите градови на Македонија. Во овој град и неговиот атар, судејќи по приходите, било исто така мошне развиено градинарството и овоштарството. Заслужуваат внимание два податоци што ги среќаваме помеѓу приходите. Едниот се однесува на „данок за димнина" (resm-i duhan) во износ од 120 акчи, со којшто биле задолжени 20 јуручки домаќинства. Ние не сме во состојба да установиме дали овие Јуруци биле населени во самиот град или пак биле привремено доселени од некое друго место. Другиот податок се однесува на приход од 25 акчи годишно што се земал од едно безирхане.

Од сето она што го изнесовме за развојниот пат на некои градови во Македонија, како и врз основа на испитувањата на архивските материјали за останатите градови во Западна Македонија би можеле да ги извлечеме следниве констатации.

1. Уште во средината на XV век во некои градови во Македонија преовладува муслиманскиот елемент над христијанскиот, како што е случајот со градовите Скопје и Битола. Оваа појава може да се објасни со тоа што тие градови биле извонредно важни сообраќајни, економски и стратешки центри, поради што ото-

---

[92] Defter-i müfassal Liva-i Küstendil — № 90 — за Петрич од стр. 190—194.

манските власти настојувале не само да ја зацврстат својата власт во тие центри туку и да ги создадат сите услови неопходни за нивните натамошни освојувања. Преовладувањето на муслиманскиот елемент во овие градови во XV век доаѓа поради колонизацијата во нив на Турци Османлии. Овие исти градови релативно брзо ја менуваат својата физиономија, добивајќи ориенталски вид со сите белези и објекти карактеристични за оријенталните градови.

2. Ние видовме дека во некои од овие градови (на пример во Скопје и Битола) уште во XV век е извонредно развиено занаетчиството и трговијата и врз основа на податоците можевме да заклучиме дека во XV век занаетчиството било главно во рацете на муслиманскиот елемент.

3. Следејќи го движењето на муслиманскиот и христијанскиот елемент во градовите констатиравме дека муслиманскиот елемент е во постојан растеж почнувајќи од средината на XV век па сè до крајот на XVI век, и тоа не само во оние градови за кои што говоревме во нашето излагање туку и во сите останати градови во Македонија, така што во текот на XVI век муслиманскиот елемент преовладува и во градовите: Тетово, Кичево, Охрид, Струмица Штип и Лерин. Што се однесува до христијанскиот елемент по градовите, можевме да констатираме извесно зголемување негде до 1480 година, додека по тоа христијанскиот елемент е во постојано опаѓање скоро во сите градови во Македонија, исклучувајќи ги градовите Велес и Прилеп каде што можевме да констатираме извесно минимално зголемување на христијанскиот елемент сè до 1545 година.

4. Процесот на исламизацијата во текот на XV век, поправо до 1481 година, бил минимален, т.е. тој процес како појава во тој период е многу ретка. Архивската документација од XV век ни овозможува да констатираме дека први на ударот на исламизацијата биле спахиите-тимариоти од редот на христијаните, чиишто број во некои нахии во средината на XV век бил прилично голем, меѓутоа, околу 1480 година скоро во потполност спахиите-христијани ишчезнуваат како такви.

5. Процесот на исламизацијата бил особено интензивен почнувајќи негде од околу 1520 година така што околу 1570 година зема таков замав, што по градовите скоро насекаде секој трет муслиман е исламизиран христијанин, а во некои нахии како што се на пример, нахиите Река и Долни Дебар исламизацијата е толку интензивна дури и во самите села, што секој втор муслиман е исламизиран христијанин.

6. Преовладувањето на муслиманскиот елемент во градовите во XVI век, по наше мислење не е повеќе резултат од колонизацијата на Турците османлии туку последица од исламизацијата на христијаните како по градовите така и по селата.